**Известување за концентрација со која Централ Азија Металс ПЛЦ, Обединето Кралство ќе стекне контрола врз Њу Ворлд Ресорсес Лимитед , Австралија**

**(предмет бр. 08-110/2025)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16, 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 208/24 и 16/25), на ден 08.07.2025 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата е доствено известување за концентрација со која **Централ Азија Металс ПЛЦ** (Central Asia Metals PLC), со регистрирано седиште на Мастерс Хаус, 107 Хамерсмит Роуд, Лондон, ВВ14 0ЌХ, Обединето Кралство има намера да стекне самостојна контрола над **Њу Ворлд Ресорсес Лимитед** (New World Resources Limited), со регистрирано седиште на 215 Хеј Стрит Субиако В.А. 6008, Австралија.

**Учесници во концентрацијата и нивни деловни активности:**

**Централ Азија Металс ПЛЦ** е друштво кое котира на AIM пазарот управуван од Берзата во Лондон (London Stock Exchange). ЦАМЛ е владејачко друштво од Обединетото Кралство за група на друштва („**Централ Азија Металс Група**“) кои се занимаваат со:

- Обработување и последователно производство на бакарни катоди, од секундарни рударски техники;
- Дентификување, истражување и развој на депозити на базни метали примарно во регионот на Централна Азија, но исто така и на светско ниво; и
- Производство или обработка на оловен и цинков концентрат.

Централ Азија Металс ПЛЦ има регистрирано присуство во Северна Македонија преку нејзините регистрирани зависни друштва:

**ЦМК Европа ДООЕЛ Скопје**, со регистрирано седиште на ул. 27 март бр. 11, Скопје – Центар, Република Северна Македонија, приоритетна дејност – трговија на големо со метали и метални руди; и

**Рудник САСА ДООЕЛ Македонска Каменица**, со регистрирано седиште на ул. Рударска бр. 28, Македонска Каменица, Република Северна Македонија и приоритетна дејност - вадење на други руди на обоени метали .

САСА ДООЕЛ Македонска Каменица има концесии за експлоатација на суровини од олово и цинк и има регистрирана деловна активност: Вадење на други руди на обоени метали. Произведениот оловен и цинков концентрат, според берзански формирани цени, се извезува од друштвото и се носи до топилници за обработка во странство, кои концентрати не претставуваат суровина и не може да се користат за други намени освен за топење во металуршки топилници.

**Њу Ворлд Ресорсес Лимитед** е јавно друштво кое е регистрирано во Австралија под австралиски деловен број 23 108 456 444, со регистрирано седиште на 215 Хеј Стрит Субиако В.А. 6008, Австралија.

Њу Ворлд Ресорсес Лимитед котира на Австралиската берза за хартии од вредност (ASX код: NWX) и е активно во истражување и развој на наоѓалишта на минерални суровини во Соединетите Американски Држави.

Тековните активности на Њу Ворлд Ресорсес Лимитед се насочени кон неколку рударски проекти. Еден од овие проекти е наоѓалиштето на бакар Антлер (*Antler Copper Deposit*), кое се наоѓа на 15 километри источно од Јука, во северозападниот дел на Аризона, САД, и претставува квалитетно, полиметално, вулканогено масивно-сулфидно (*volcanogenic massive-sulphide* - VMS) наоѓалиште на бакар (*Cu*), цинк (*Zn*), олово (*Pb*), сребро (*Ag*) и злато (*Au*).

Њу Ворлд Ресорсес Лимитед нема регистрирано присуство во Северна Македонија и нема извршувано било какви активности на пазарот во Северна Македонија.

*Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.*

*Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да доставаат забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр.54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.*

14.07.2025 година

Скопје